РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРУШЕВО
СОВЕТ НА ОПШТИНА
Бр.08-507/6
23.04.2025 година
КРУШЕВО

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ‘‘ бр.202/2024), член 21 став 1 точка 38 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014; 7/2019 и 7/2020) и одредбите од Методологијата за определување на критериуми за доделување на финасиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Општина Крушево бр.08-423/11 од 05.04.2018 година, Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 23.04.2025 година, донесе:

# О Д Л У К А
## за доделување на финансиски средства на здруженија и фондации од Буџетот на Општина Крушево

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши распределба на финансиски средства за финансирање на проекти на здруженија и фондации од Буџетот на Општина Крушево за 2025 година.

**Член 2**

Финансиските средства од Буџетот на Општина Крушево се обезбедени во вкупен износ од 405.000,00 денари, а се распределени и доделени се 405.000,00 денари на следниов начин:

1. Здружение Одбојкарски Клуб “СИНАЛКО” од Крушево, 60.000,00 денари, по Годишна Програма;
2. Здружение Фудбалски клуб ФК „ПИТУ ГУЛИ“ Крушево, 60.000,00 денари, по Годишна Програма;
3. Ловно друштво ЕЛЕН П.Д. „Елен“ Крушево, 40.000,00 денари, по Годишна Програма;
4. Здржение Спортски Риболовен Клуб „Мрена-1987“ Крушево, 40.000,00 денари, по Годишна Програма;
5. Пинг понгарски клуб “Крушево”-Крушево – ППК “Крушево”, 50.000,00 денари, по Годишна Програма;
6. Здружение за афирмација на култура, екологија и рурален туризам КУЛТУРЕН МАНИФЕСТ Крушево, 20.000,00 денари;
7. НВО Центар за хумани односи-Крушево, 30.000,00 денари, по Годишна Програма;
8. Здружение за рекреативен Коњички клуб Мусица Крушево, 20.000,00 денари;
9. Платформа за развој на туризмот ФЕЕЛКРУШЕВО од Крушево, 35.000,00 денари, по Годишна Програма.
10. Фудбалски клуб ВЛАЗНИМИ ЈУНИОР с.Пресил Крушево, 50.000,00 денари;

**Член 3**

Општина Крушево на својата веб-страна ќе ги објави резултатите од повикот и целосниот извештај за распределба на средствата со доделената сума и називот на здружението и фондацијата.

Општина Крушево ќе ги информира здруженијата и фондациите за доделените средства за календарската година.

**Член 4**

По донесување на одлуката и нејзиното јавно објавување, Општина Крушево и здруженијата или фондациите кои имаат добиено средства, во рок од 15 (петнаесет) дена од стапувањето во сила на одлуката, склучува договор со кој се регулираат меѓусебните права и обврски.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Совет на Општина Крушево**
**Претседател,**
**Андреј Николоски**